# КАКО ДО БОЉЕГ ХОЛИСТИЧКОГ ПРИСТУПА У ЕДУКАЦИЈИ ПРЕДШКОЛСКЕ ДЈЕЦЕ?

# КАКО ДО ПОДОБАР ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ВО ЕДУКАЦИЈАТА НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА?

Д-р Билјана Попеска, Факултет за образовни науки, Универзитет„Гоце Делчев“ – Штип

Д-р Снежана Јованова - Митковска, Факултет за образовни науки, Универзитет„Гоце Делчев“ – Штип

Абстракт

У складу са сувременим реформским процесима у образовању у Европи и у свету на свим нивоима образовања, укључујући и предшколско образовање и васпитање и јасно истакнуте намјере о холистичком приступу у образовању дјеце и омладине у правцу „буђење жељу за учењем, задовољавање радозналости, истраживачког духа, поттицање дјеце, развијање навике, самопоуздање“, у раду представљамо теориску разрадњу могућности и неопходности од интеграције и корелације садржаја из различитих образовних подручја. Предмет анализе у овом труду су програми за обављање образовне делатности у дјечјим установима, њихова усклађеност са стандардима за развој у раном детињству, конретно анализоване су образовна подручја: природа и друштво као централно подручје чији су садржаји база, основа за интеграцију у корелацију са другим образовним области, и програм физичког и здравственог васпитања и образовања. У труду су презентоване и конкретне примере о корелацији и интеграцији наведених подручја.

**Кључне речи:** стандарди, образовни садржаји, корелација, интеграција, физичко и здравствено васпитање и образовање, природа и друштво

**Абстракт**

Во согласност со современите реформски процеси во образованието во Европа и воопшто во светот на сите степени на образование, вклучувајќи го и предучилишното воспитание и образование и се понагласените интенции за холистички пристап во едукацијата на децата и младите во насока на „будење на желбата за учење, задоволување на љубопитноста, потттикнување на истражувачкиот дух на децата, развивање на навики, јакнење на самодовербата“ во трудот презентираме теоретска елаборација на можностите и потребата од интеграција и корелација на содржините од различни воспитно-образовни подрачја. Предмет на анализа во трудот се програмите за изведување на воспитно-образовната дејност во Р. Македонија, нивната усогласеност со стандардите за ран детски развој, конкретно анализирани се воспитно-образовните подрачја природа и општество како централно подрачје, чии содржини се база за интеграција и корелација со други в. о. подрачја и програмата за физичко и здравствено воспитување. Во трудот се презентирани и конкретни примери за интеграција и корелација на содржините од наведените подрачја.

**Клучни зборови: стандарди, воспитно – образовни содржини, корелација, интеграција, физичко и здравствено образование, запознавање на околината**

Предучилишното воспитание и образование е составен дел, потсистем во рамки на глобалниот воспитно-образовен систем во Република Македонија Истиот подразбира опфат на децата од 8 месеци до поаѓање во училиште. Овој период од развојот на децата има огромно значење и улога за понатамошниот развој од причина што: предучилишната возраст е време на релативно брз, интензивен и сестран развој, односно период кога се формираат основите за развој на целокупната личност, при тоа почитувајќи ги индивидуалните и возрасни карактеристики на децата. Од аспект на учењето, преку воспитно образовниот процес во предучилишниот период се забрзува

темпото на правилен интелектуален развој; се користи играта како основен облик на учење, специфичен облик на исползување на детската активност и начин на стекнување искуство, поради што има приоритет во воспитно образовниот процес во предучилишна возраст. Почитувајќи ги индивидуалните можности и темпото на развој, децата треба постепено да се воведуваат во специфични облици на учење, обучување и работа.

Предучилишното воспитание и образование има посебна улога и значење посебно за социјализацијата на малите деца од причина што работата во групи, учеството на децата во разновидните манифестации во градинката и слично им овозможува меѓусебно дружење, соработка, упатеност едни на други, интеракција, комуникација.

Реализацијата на бројни проектни активности како резултат на заложбите за еднакви образовни можности за сите деца без оглед на материјалната, социјална, културна, етничка припадност, во согласност со тенденциите за што поголем опфат на децата во организираниот систем на предучилишно воспитание и образование, дава можност да секое дете се развива во позитивна, активна, креативна и хумана личност која верува во себе и ги почитува другите. Зголемувањето на опфатот на сите деца во предучилишното воспитание е исто така мост кон подигнување на квалитетот и обезбедување на вертикалната мобилност на генерациите во образовниот систем, но и кон остварување на концепцијата за доживотно учење, образование.

Последните неколку години современите реформски процеси во образованието во Европа и воопшто во светот имаа свој импакт и во предучилишното воспитание и образование. Сѐ понагласени се интенциите за создавање и одржување на квалитетно и ефикасно предучилишно воспитание и образование.Тоа подразбира остварување на неколку меѓусебно поврзани елементи и тоа:

- квалитетни програми за воспитно-образовна работа;
- ефикасна и квалитетна реализација на воспитно-образовните програми во различни возрасни групи на предучилишни деца;
- обезбедување на оптимални услови за реализација на воспитно-образовната работа;
- подобрување на иницијалната едукација на воспитно-образовниот кадар;
- постојано и квалитетно стручно усовршување на постојниот воспитно-образовен кадар;
- изготвување стандарди и индикатори за: предучилишното воспитание и образование за децата од секоја развојна возраст, за ефикасен воспитувач и за ефективна детска градинка.

Сите земји кои водат грижа за квалитетот на воспитно-образовната работа, во својот систем на образование имаат воведено стандарди во кои јасно се дефинираат очекувањата во поглед на квалитетот на образовните услуги: квалитетот на воспитно-образовната установа, стандарди за изведување ефикасна и квалитетна воспитно-образовна програма, стандарди за воспитно образовниот кадар и стандарди во однос на постигањата на децата.

И во Р. Македонија во согласност со заложбите за постигнување на повисок квалитет на предучилишното воспитание и образование, поконкретно во Националната програма за развој на образованието е вграден раниот детски развој, односно поставени се стандарди за рано учење и развој за децата од 0 до 6 години. Стандардите се презентираат како очекувањата коишто треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во различни домени при тоа почитувајќи го принципот дека развојниот процес и учењето кај малите деца не се одвива изолирано, туку се одвива континуирано, преку сите домени т.е. физичко здравје и моторен развој; социоемоционален развој; развој на пристап кон учење; развој на јазикот, описменување и комуникација; когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

При изработката на стандардите за рано учење и развој се почитуваат повеќе принципи кои се однесуваат на опфатот на сите деца во предучилишното воспитание без оглед на нивните различности и сличности, вербата дека секое дете може да учи; истакнување на играта како основна детска активност и инструмент за учење;

стимулативната средина насочена кон поттик и мотивација за учење; соработката со родителите, заедницата и потребата од нивна постојана интеракција и заедничко дејствување; почитување на персоналитетот и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби, како и децата од сите социоекономски и етнички средини.

Како клучен пристап во развојот на стандардите за рано учење и развој е истакнат холистичкиот пристап.

*Што е тоа холистички пристап?*

Во литературата наоѓаме бројни најразлични идентификации на поимот холистички пристап. Најприфатлива е определбата од страна на Австралиското Министерството за образование, вработување и работни односи (DEEWR), назначено во Рамковната програма за рано учење (2009) според која „холистичкиот пристап кон наставата и учењето ја подразбира поврзаноста на умот, телото и духот. Едукаторите кои работат со децата од предучилишна возраст кога го применуваат холистичкиот пристап посебно внимание посветуваат на физичката, лична, социјална, емоционална и духовна благосостојба на децата, а исто така и на когнитивни аспекти на учење. Кога едукаторите вршат планирање и проценка со фокус на одредена компонента или исход на учење, секогаш го земат во предвид фактот дека процесот на учење кај децата е интегриран и меѓусебно поврзан.

Исто така ја имаат во вид и поврзаноста помеѓу семејствата, децата и заедницата и важноста од реципрочните врски и партнерства за учење. Тие гледаат на учењето како на социјална активност и го вреднуваат колаборативното учење и учеството на заедницата. Интегрираниот, холистички пристап кон наставата и учењето, исто така, се фокусира на конекциите со природниот свет. Едукаторите настојуваат да децата ја разберат и почитуваат природната средина и меѓузависноста помеѓу луѓето, растенијата, животните и земјиштето.“

Ваквата идентификација на холистичкиот пристап подразбира сосема поинаков приод во учењето на децата од предучилишна возраст. Подразбира барање учењето на детето да го добие епитетот холистичко, односно да му се овозможи на секое дете да учи и напредува според сопственото темпо и можности на напредување. Истото се базира на фактот дека сите деца се силни, умешни, но и уникатни, креативни, независни мислители, деца кои растат и учат преку игра, експериментирајќи, истражувајќи, набљудувајќи...

За да се овозможи ова, неопходно е креирање на планови и програми кои ќе подразбираат интегрираност, меѓусебна поврзаност од различни развојни домени кои претходно се споменати. Тоа значи на детето треба да му се обезбеди богата стимулативна средина која ќе му овозможува стекнување на холистички поглед на светот, меѓусебно поврзани знаења, знаења кои ќе може практично да ги имплементира, комплементарни знаења.

Токму оттука како еден од основните принципи кој ќе го овозможи ваквото учење е принципот на интегрираност и меѓуподрачна и меѓусодржинска интеграција и корелација.

*Воспитно - образовната работа во Р. Македонија*

Воспитно – образовната работа, целта и задачите на воспитно - образовниот процес во предучилишните установи во Македонија, имајќи ја во вид и целта на предучилишното воспитание т.е. во согласност со научните и педагошки постигања и општата цел на воспитанието и образованието да се обезбедат услови за нормален физички, интелектуален, општествено-морален и естетски развој, како основа за понатамошното воспитание и образование во училиштето, истата се остварува во согласност со Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки, преку неколку воспитно образовни подрачја: јазик и комуникација (култура на говор), природа и општество, математика, музичко воспитание, физичко воспитание и ликовно воспитание.

*Јазик и комуникација* - Фундаменталната цел и задачи на ова воспитно образовното подрачје е практично оспособување на децата од предучилишна возраст за правилно течно и слободно говорно изразување и развој на говорната култура и смислата за сопствениот мајчин јазик. Основните задачи на ова подрачје се: децата да ја совладаат гласовната страна на говорот, да се збогати детскиот речник а посебно акцентот е ставен на активниот речник. Децата се запознаваат со убавината на пишаниот збор преку голем број на стихувани, прозни и драмски текстови.

Воспитувачите ја имаат улогата на поттикнувачи на самостојното детско јазично и говорно творештво, што ќе придонесе за унапредување на говорот, увежбување на гласовната и јазична осетливост, усвојување и култивирање на мајчиниот јазик.

Со зголемување на возраста на децата се зболемува и сложеноста на поставените задачи.

*Математика* - Барањето за сообразеност (усогласеност) на содржините со возраста и можностите на децата, воспитно образовната работа по математика во предучилишните установи се остварува низ повеќе содржини кои подразбираат: воочување и именување на предметите од непосредната околина, споредување на предметите по големина, работа со комплет логички плочки – разликување по форма, боја и големина, формирање на множества според даден признак, броење, препознавање на цифрите, запознавање со килограм, метар и монети од 1, 2,5 и 10 денари.

*Природа и општество* - Ова воспитно образовно подрачје содржински и логички се надоврзува со останатите воспитно – образовни подрачја. Целта на ова воспитно образовно подрачје е да ја разбуди љубопитноста на децата и интересот за истражување и врз таа основа да се формираат елементарни претстави, поими и сознанија за појавите и предметите во природната и општествена средина, да им се помогне на децата да се запознаат себеси и да изградат сопствен однос кон светот што ги опкружува.

Децата се запознаваат со растителниот и животинскиот свет во различни годишни времиња, стекнуваат елементарни сознанија за некои карактеристични претставници од растителниот и животински свет, стекнуваат елементарни сознанија за ползата од растенијата и животните; стекнуваат елементарни знаења за деловите на човековото тело, стекнуваат хигиенски навики и навики за правилно консумирање на храната, воочуваат сличности и разлики во надворешниот изглед меѓу децата и возрасните, се запознаваат со опасностите и заштита од повреди; ги запознаваат вработените во градинката, се запознаваат со катчињата, играчките и средствата за работа, се запознаваат со дневниот распоред и дневните активности, учат како да се однесуваат со другарчињата и со возрасните; стекнуваат елементарни знаења од областа на сообраќајот, се запознаваат со учесниците во сообраќајот, се запознаваат со места каде што играта е дозволена, се запознаваат со правилата за движење на улица; се запознаваат со убавините на природата, стекнуваат знаење како треба да се однесуваат кон природата, како да ја заштитуваат и зошто е важно да се грижиме за природата. Со зголемувањето на детската возраст, се продлабочуваат и прошируваат детските знаења.

*Физичко воспитание* - Предучилишниот период е период на континуиран и интензивен раст и развој. Воспитувачите преку планирани активности влијаат врз правилниот раст и моторичкиот развој на децата. За таа цел се применуваат различни телесни вежби за развој на различни мускулни групи и вежби за јакнеење на телото. Со примена на различни облици на природни форми на движење и подвижни игри се подобрува детската моторика и се учат нови форми на моторички навики и умеења. Истовремено се развиваат и детските способности за ориентација во просторот, организациони и здравствено – хигиенски навики и чувство за соработка со другарчињата. На овој начин, со примена на различните содржините на физичкото воспитание се влијае на севкупниот развој на сите сегменти од антрополошкиот простор (моторички, когнитивен, конативен и социо - емоционален).

*Ликовно воспитание* - Преку ликовните активности, децата постепено ќе се воведуваат во ликовната култура, во оној обем кој одговара на нивната возраст. Ликовната уметност има елементи на игра,бара отворен пристап кон проблемите, така што играта многу лесно преминува во ликовно творештво. Задачи на ликовното воспитание се: децата да се запознаат со основните ликовни елементи и техники кои одговараат на нивната возраст, се богати детскиот емоционален живот , се поттикнува развојот на нивните способности, се развива смислата за убавина, децата се оспособуваат за правилна употреба на материјалот и техниките на ликовно изразување а преку нив се развиваат и хигиенските и работни навики.

*Музичко воспитание* - Преку планираните активности по ова воспитно образовно подрачје, кај децата да се разбуди и да се влијае интересот за музика и кај децата да се создава пријатно расположение, да се развива желбата за пеење, слушање музика, постепено да се развива соло пеењето и пеење во хор, да се создаваат основи за развој на слухот, ритамот, помнењето, емотивното восприемање и доживување на музиката.

Содржините од сите наведни пордачја опфатени во програмата за работа во предучилишното воспитание и образование нудат бројни можности за воспоставување на меѓусебна интеграција и корелација, овозможувајќи на овој начин стекнување на меѓусебно поврзани знаења, комплементарни и практично применливи знаења, имајќи го предвид детското сфаќање на светот како единствена целина, односно почитувајќи го холистичкиот пристап.

Презентираме начини на остварување на интеграција и корелација на две воспитно-образовни подрачја, т.е природа и општество и како централно подрачје, и физичко воспитание и образование како база околу која корелираат и можат да се интегрираат и содржини и активности од други в.о. подрачја.

## Како се остварува интеграцијата и корелацијата меѓу в.о.подрачје природа и општество со воспитно-образовното подрачје физичко воспитание

Тргнувајќи од претходно наведените цели на в.о подрачја природа и општество и физичко воспитание, содржините и активностите кои се реализираат во воспитно – образовната работа со децата во предучилишните установи, а кои се дел од програмските содржини од овие две подрачја, основите на интеграциско – корелациската поврзаност меѓу в.о подрачје природа и општество и в.о подрачје физичко воспитание ги идентификуваме во: природата, општествената средина, начинот на усвојување на знаењата на децата во предучилишнот период и во поставените цели по природа и општество и физичко и здраствено воспитание.

Природата како непосреден предмет на проучување на в.о. подрачје природа и општество и природата како препорачана средина за реализирање на содржините по физичко воспитание, односно делувањето на сонцето, водата и чистиот воздух како дополнителни средства на физичкото воспитание, се основа на бројните можностите за интеграција меѓу овие две в.о подрачја.

Овие можности се зголемуваат имајќи ја предвид општествената средина, односно секојдневното опкружување на децата, интензивната социјална интеракција и комуникација, интегрирањето на детето во системот на секојдневно живеење и доживување на самото себе, комуникацијата со околината, живата и неживата природа дополнително ја нагласуват можноста, но и потребата и неопходноста за интегрирање на содржините од овие две в.о подрачја.

Реализацијата на воспитно – образовните содржини од подрачјето природа и општество се остварува преку непосредно набљудување, примена на истражувачки постапки во в.о работа и активно искуствено учење. Овие активности честопати се реализираат надвор од занималната и опкружувањето на градинката, односно во блиската околина (на пазар, на раскрсница, во зоолошка градина), во природа, во парк, покрај река, односно во директен контакт со предметите и појавите кои треба да се истражат. Оттука, различните форми на движење, односно утврдените модели на

движечки вештини и навики кои се фундамент на човековата моторика, но истовремено и се содржини на физичкото воспитание, се клучни во успешната реализација на овој процес.

Целите на в.о. подрачја природа и општество и физичко воспитание кои се ориентирани кон развој на сестрано развиена личност, се уште една значајна компонента во остварувањето на интеграциско – корелациската поврзаност меѓу овие две воспитно – образовни подрачја, но и нивната интеграција со останатите в.о. подрачја.

**Метод на работа**

За да одговориме на основната цел на овој труд, односно да укажеме на можностите, но и формите на интеграциско – корелациска поврзаност на содржините од в.о подрачје природа и општество како центарално подрачје за анализа во трудот со физичкото воспитание, но и останатите воспитно – образовни подрачја, направена е анализа на *Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки* како примарен документ за работа во предучилишните установи во релација со Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години како основа за натамошен приказ на можните корелации меѓу предвидните воспитно – образовни содржини.

Во документот именуван како *Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки* презентирани се карактеристиките на сите развојни сегменти како основа за правилна примена на принципот на достапност и сообразност на содржините и методските пристапи со возраста и можностите на децата. Покрај нив, суштински елемент на *Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки* се воспитно – образовните подрачја: Природа и општество, Математика, Ликовно воспитание, Музичко воспитание, Комуникација и творештво-Јазик и Комуниакција, Здравствено воспитание, Физичко воспитание. За секое од овие подрачја прикажани се глобалните цели предвидени да се постигнат со реализација на содржините од соодветното в.о. подрачје, понатаму детализирани низ конкретни цели, примери на активности и очекувани резултати соодветно категоризирани за деца од 2 до 3 години, од 3 до 4 години, од 4 до 5 години и за деца од 5 до 6 години. Оваа периодизација соодветно е задржана и при концепирањето на Стандардите за рано учење и развој каде за секој од претходно наведените периоди, вклучително и периодот од 0 до 2 години се дадени стандардите и аналогно на нив соодветните индикатори и примери на активности за секој од следниве домени: Здравје и моторен развој, Социо – емоционален развој, Пристап кон учење, Јазик, комуникација и развој на писменост и Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Во трудот детално се анализирани: целите за в.о подрачје природа и општество во релација со целите на в.о подрачје физичко воспитанние, тематските целини со посебен акцент и примери на конкретни содржини и примери на активности во рамките на овие две в.о подрачја меѓу кои може да се воспостават соодветни на интеграциско – корелациски врски.

Примената на играта како метод на работа во предучилишното воспитание е еден од суштинските моменти во воспоставувањето на интеграциско – корелациските врски меѓу различните воспитно – образовни подрачја. Играта применета како моторичка форма на слободна и сакана активност, мотивирана од потребата за задоволство и самопотврдување со цел да се постигне био-психо-социална рамнотежа, не само што ги мотивира децата, туку истовремено нуди можности за полесно осознавање и учење.

***Можности за интеграциско – корелациска поврзаност на содржините од воспитно – образовните подрачја природа и општество и физичко воспитание***

Во рамките на воспитно – образовното подрачје природа и општество, предвидените содржини и активности како форма за остварување на поставените цели, соодветно презентирани за секој од предвидените возрасни периоди (2-3 год, 3-4 год, 4-5 год и 5 – 6 год) се систематизирани во следниве четири тематски целини по природа: (1) растителен свет, (2) светот на животните, (3) човекот како дел од живиот свет, (4) откривање на материјалниот свет и соодветно две темаски целини по општество: (1) сообраќај и (2) екологија.

Содржините по подрачјето физичко воспитание, не се систематизирани во тематски целини, но ја следат истата периодизација во однос на возраста. Во рамките на секоја возраст се предвидени различни содржини од трите групи од основните фундаментални движечки вештини, односно опфатени се *локомоторни форми на движење* како одење, трчање, скокање, прескокнување, ползење, качување и сл, *манипулативни движења* од типот на фрлање, фаќање, додавање, тркалање, *нелокомоторни движења* како ротирање, нишање, висење, балансирање, како и активности за развој на ситната моторика како сечење, лепење, моделирање и слично. Наведените движења се презентирани како самостојни форми или како интегрален дел од одредени познати подвижни игри.

Приказот на содржините по физичко воспитание како една целина, односно нивната неподеленост во конкретни теми, од една страна укажува на потенцијалната можност за нивна ефикасна имплементација во рамките на тематските планирања кои се одлика на предучилишното воспитани, додека од друга страна укажува на потенцијалната можност за остварување на ефикасни интеграциско – корелациски врски со содржините од останатите в.о подрачја. Токму ваквите можности за интеграциско – корелациските врски меѓу содржините по природа и општество и физичко воспитание како и можноста за нивна ефикасна практична реализација, се детално разработени во трудот.

Интеграциско – корелациските односи меѓу општите цели на в.о.подрачја природа и општество и фиизчко воспитание се темел за натамошните интеграциско – релациски врски меѓу конкретните содржини и активности. Од аспект на целите, генералната цел на предучилишното воспитание одредена како сестран развој на личноста е првиот индикатор за взаемната поврзаност. Останатите вземни релации меѓу целите предвидени да се постигнат со реализација на содржините од подрачјата природа и општество и физичко воспитание за подобра прегледност се прикажани во Табела 1.

Табела 1: Интеграциско - корелациска поврзаност меѓу целите по в.о подрачје природа и општество и в.о подрачје физичко воспитание за предучилишно воспитание.

| *Воспитно-образовно подрачје* | *Дефинирана цел* | *Интеграциско – корелациска поврзаност* |
|---|---|---|
| **ПО** | ▪ Спознавање на самиот себе и другите луѓе<br>▪ Запознавање со секојдневното живеење<br>▪ Спознавање на сопственото тело, животниот циклус, здравиот и одговорен начин на живот | Преку развој на различини моторички способности и усвојување на различни форми на движење, децата ќе ги запознаат своите можности, ќе стекнат сигурност во своите способности и што се може да направат со своето тело. Ова понатаму овозможува формирање на позитивна слика за себе, самодоверба и самопочит. |
| **ФВ** | ▪ Овозможување и поттикнување на активност и движење на детето<br>▪ Запознавање на детето со своите способности за движење | Цели насочени кон грижа и чување на сопственото здравје и околината. Интегрираното реализирање на содржините по ПО и ФВ овозможуваат практична имплементација на теоретските сознанија за здравјето, здравото тело и здравите навики. |

| | | |
|---|---|---|
| **ПО** | ▪Оптимистично доживување на животот, развивање на хуманост, другарство и интернационализам<br>▪Негување позитивен емоционален однос<br>▪Поттикнување на осетливост за етична димензија на различностите. | Различните подвижни игри, игри со натпреварувачки карактер и игри со правила, позитивно влијаат врз емоционално изразување, но и моралниот развој на детската личност, односно развој на дисциплина, самоиницијативност и здрав натпреварувачки дух, се развива чувство на почит кон другиот, почит кон различностите, се негува хуманоста, довербата, помагањето и другарство.<br>Сознанијата за различните култури и почитта кон нив ќе ги научат децата на рамноправност и почитување на сите луѓе. |
| | ▪Доживување пријатност при движење<br>▪Спознавање на важноста да се учествува и почитување на различностите | |
| **ПО** | ▪ Развој на љубопитност кон светот кој го опкружува детето<br>▪ Спознавање на карактеристиките на предметите и појавите од околината преку сопствена активност | Преку учење и практикување на различни форми на движење децата имаат можност да се движат и непосредно да ги запознаат природата и своето опкружување. Ова особено се истакнува во формите на физичкото воспитание како што се пешачења, излети и останатите активности во природа.<br>Преку практикување на различни вежби и усвојување на координациски посложени движења и нивна изведба во различни услови (природа, сала и сл) кај децата се развива способноста за ориентација во простор. |
| **ФВ** | ▪Развивање на способност за движење | |
| **ПО** | ▪ Стекнување доверба во сопствените можности, потпирање на сопственото искуство и логика. | Преку различните форми на движење и различните подвижни игри, децата стекнуваат доверба во своите можности, го збогатуваат своето движечко искуство, но и стекнуваат можност низ движење да истражуваат и пронаоѓаат совладувајќи необични и недостапни простори. |
| **ФВ** | •Стекнување сигурност во своето тело и способноста за движење | |

Од аспект на тематските целини, односно содржините и конкретните активности кои се применуваат, можностите за интеграција меѓу в.о подрачја природа и општество и физичко воспитание се пребројни и оставаат огромен простор за изразување на креативноста на воспитувачот во функција на комплементарен и сестран развој на децата. Ќе наведеме некои од нив.

Темата „Р*астителен свет*“, како тема од подрачјето природа и општество нуди и бара можности за набљудување и истражување на растителниот свет во неговата природна средина, односно природата (полето, паркот, блиската шума и сл). До таму се движиме на различни начини: брзо, бавно, со одење и трчање, во колона по еден или по двајца. Преку вежбите во подготвителниот дел, но и бројни подвижни игри со клекнување, станување, туркање, влечење и носење децата имитираат берење на јагоди и крушки, носење на продукти на пазар и од пазар. За да набереме јаболки се креваме на прсти, за јаготките клекнуваме доле, клекнуваме да насадиме цвеќе, носиме вода за да го навадиме, ја креваме корпата со плодови, се тркаламе по сувите паднати лисја итн. Преку натпреварувачки игри ги повторуваат овошјето и зеленчукот, селектираат здрава и нездрава храна.

Темата *„Светот на животните“* нуди уште поголеми можности. Децата учат за различните видови животни имитирајќи го начинот на нивното движење, односно го имитираат скокот на зајачето, еленот, кенгурот и жабата, летот на врапчето, одот на пингвините, ползењето на змијата, движењето на ракот, летот на пеперутката. При тоа

учат за особините на наведените животи и инсекти. Преку натпреварувачки игри ги повторуваат дивите и домашните животни, оние кои живеат во вода и на копно, животните кои даваат или не даваат млеко. Играат подвижни игри како рибарот и рипката, волкот и јарињата, море, авиони и поплава, сонце, мраз и поплава, елени и ловџии, пингвини и мечки и сл.

Преку содржините од темата „Човекот како дел од живиот свет“ децата учат за деловите од своето тело, како функционираат и што можат да направат со своето тело, во што се слични, а во што различни итн. Што може моето тело, како можам да ползам и да се тркалам, да се качувам и да скокам, што можам да направам со рацете и нозете, колку брзо можам да трчам, колку далеку можам да скокнам, кој е побрз, кој е повисок, кој е посилен и слично како содржини од ФВ се можности преку кои детето директно ги согледува, но и проценува своите и можностите на останатите деца, сличностите и разликите, но и како истите да ги уважуваат, како да се почитуваат и да си помагаат.

Темата „Откривање на материјалниот свет“ како дел од содржините по природа и општество подразбира запознавање на предметите од непосредната околина, воочување на метеоролошките појави, годишните времиња, денот и ноќта, сознанија за песокот, водата и воздухот, накратко го истражуваме просторот и природата околу нас. А како најдобро да ги истражиме ако не директно да ги видиме, почувствуваме и набљудуваме. Токму овде ги користиме содржините по физичко воспитание. Преку движење и претстој во природа децата ги следат промените во сите годишни времиња, природните појави, сонцето, водата, воздухот, звуците околу нас. Ова е можност децата да се запознаат со поволното влијание на сонцето, водата и чистиот воздух, да им се пренесе љубовта за често престојување во природата, но и како треба да се грижат за неа. Со предметите од околината децата манипулираат на различни начини. Истите може да ги носат, туркаат, влечат или тркалаат. Хартијата ќе ја туткаат и со неа ќе погодуваат во цел, ќе ја бојат и со трчање ќе го бараат другарчето со иста боја. Ластикот ќе го растегнуваат, потоа под него ќе се провлекуваат или ќе го прескокнуваат. Јажето ќе го врзуваат, со него ќе се влечат, но и ќе го прескокнуваат. Песокот е уште еден извор на бројни активности по физичко воспитание. Врекичките полнети со песок се одлични како мал товар,идеални за развој на фината моторика преку процес на моделирање, но уште подобри за движење боси „по баричка или плочки“ и како форма за развивање на мускулатурата на стопалото. Преку различни подвижни игри ќе имитираат дување на ветерот, шушкање на лисјата, одење по снег, врнење на дожд, прескокнување на баричка. Игрите како ден – ноќ, сонце, мраз и поплава, авиони и поплава, мирно и бурно море се неизбежен дел од активностите по физичко воспитание.

Веќе споменавме дека природата ќе ја освоиме и со скокање, прескокнување, качување, но ова може да го направиме и со санки на снег. Престојот во природа во секое годишно време е непроценлив извор на знаења, но и средство за физички раст и развој. Децата во есен ќе ги набљудуваат промените на лисјата и дрвјата, но и имаат можност да трчаат во лисја, да ги фрлаат и фаќаат, да се тркалаат, да прават кули со нив, да ги собираат и нижат, но и да ги користат како средство во бројни елементарни игри. Можностите во зима се уште поголеми. Лизгање, тркалање, фрлање, фаќање, влечење со рачно изработени санки во дворот на градинката, градење снешко и игло, се само дел од активностите кои децата може да ги практикуваат како дел од активностите по ФВ. При тоа учат за снегот, неговата форма, различните агрегатни состојби на водата, но и она можеби најзначајното како да се грижат за своето здравје во зима, додека играат на снег, но и после тоа.

Темата „*Сообраќај*“ е непроценлив извор на можности за интеграциско – корелациски активности меѓу подрачјата природа и општество и ФВ. Децата се учат како да се движат сами и во група, одат во колона, редица, во пар или по тројца. Одењето како моторичка активност го поттикнува природниот раст и развој на целиот организам, а особено делува на развој на функционалните способности и мускулатурата на долните екстремитети. Имитирајќи движење на автомобили, возови

и авиони децата се движат во колона, во група, брзо или бавно, Бројните подвижни игри како возови на станица, автомобили на семафор, брз и товарен воз, авиони, бродови во магла, пожарникарска кола и слични подвижни игри со различни видиови на одење и трчање нудат можност низ игра да се научат сообракајните правила, превозите средства, но и да се развие другарство, тимската работа, меѓусебното помагање но и натпреварувачкиот дух, но и да се научат просторните односи и релаци: под – над, горе – доле, блиску – далеку, големо – мало, широко – тесно и сл.

Темата „Е*кологија*“ им овозможува на децата да стекнат сознанија како да се грижат за природата и за околината. Преку вклучување на децата во различни активности од типот на носење, туркање и влечење на различни предмети ќе им се помогне на децата во разубавувањето на занималната и дворот на градинката. Навиките како да се грижиме и да ја одржуваме личната хигинеа, хигиената во занималната и во домот се задача и цел подеднакво и на ПО и ФВ.

**Заклучок**

Воспитно – образовните подрачја природа и општество и физичко воспитание, се дел од подрачјата меѓу кои може да се воспоставaт низа на меѓутематски интеграции. Основите на интеграциско – корелациската поврзаност меѓу овие в.о подрачја ги идентификувавме првенствено во: природата, начинот на усвојување на знаењата на децата, поставените цели на подрачјата природа и општество и физчко воспитание, бројните содржини и конкретни активности насочени кон остварување на проектираните цели, како и методот на игра, односно играта применета како слободна, природна и најпосакувана форма на активност на децата низ која тие спонтано и најприродно ги усвојуваат знаењата.

Формите и можостите за интеграциско – корелациска поврзаност на содржините од в.о подрачје природа и општество како со физичкото воспитание, се утврдени и презентирани согласно направената анализа на *Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки* образование како примарен документ за работа во предучилишните установи во релација со Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години. Овие релации се однесуваат пред се на користењето на природата како средина за учење и движење и користење на различните форми на моторички движења како средство и форма за истражување и активно усвојување на знаењата. На овој начин децата стекнуваат целовити практични и трајни знаења и вистински вредности.

Примената на овој приод во воспитно – образовната работа овозможува користење на потенцијалните можности на децата, уважување на индивидуалните карактеристики, холистички приод кон развојот на детската личност, но нуди и непроценливи можности за воспоставување на силни врски со семејството, околината, родниот крај, местото на живеење, како и можности за корстење на сите расположливи природи ресурси во процесот на формирање на комлетна личност со здрави навики и здрав живот.

Речиси и да не постои тематска целина во програмите на овие две воспитно – образовни подрачја меѓу кои не може да се воспостават интеграциско - релациски односи, кои се кои се непроценливи извори за знаење, за истражување и игра.

Нивата примена и реализација зависи единствено од отвореноста на детската установа кон ваквиот пристап, но и од креативноста и желбата на воспитувачите, од нивниот ентузијазам, љубопитност, творечки дух, а пред се љубов кон детето.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Адамческа, С, (1998), Активна настава, Скопје: ЛЕГИС
2. *Активна настава-интерактивно учење,* (1998), Акциско истражување, Скопје: Педагошки завод на Македонија

3. Australian Government Department of Education, Employment and Workplace Relations for the Council of Australian Governments (2009), превземено на 07.12.2013 http://www.deewr.gov.au/Earlychildhood/Policy_Agenda/Quality/Documents/Final%20EYLF%20Framework%20Report%20-%20WEB.pdf
4. *Воспитно-образовна методологија “Чекор по чекор”,(1994) за деца до 3 години*, Скопје: ИОО
5. Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, С., Палчевска, С., Самарџиска, Љ. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 – 6 години*, Скопје: Министерство за труд и социјална политика.
6. Findak,V. (1995) *Metodika tjelesne i zdravstvene kulture u pretškolskom odgoju*, Zagreb: Školska knjiga
7. Findak,V. (2003) Metodika tjelesne i zdravstvene kulture, Zagreb: Školska knjiga
8. Ismail, A, H. (1976) Integralni razvoj, Teorija i eksperimentalni rezultati. *Kineziologija*, 6, (1- 2), 7
9. Јованова-Митковска, С., Цацков, К. (2013). *Методика на наставата по природа и наставата по општество*, Штип: УГД
10. Јованова-Митковска, С. (2013). *Методологија на педагошко истражување(скрипта, практикум*). Штип: УГД
11. Министерство за образование и наука. (2006) *Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки*, Скопје: Биро за развој на образованието.